

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2022-2025 ГОДИНА

*Проф. д-р Зоран Јаневски*

# СОДРЖИНА

ВОВЕД........................................................3

1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ........6

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ..........7

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ........8

4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ............................9

5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА................10

6. КАДРОВСКИ, ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА..................................11

7. ПОДОБРУВАЊЕ НА ВИДЛИВОСТА И ПРЕПОЗНАТЛИВОСТА НА ИНСТИТУТОТ.......12

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2022-2025 ГОДИНА

*Проф. д-р Зоран Јаневски*

# ВОВЕД

## ЗОШТО ЈА ПОДНЕСУВАМ ОВАА ПРОГРАМА

Изминуваат речиси четири години од моментот кога ја добив довербата да бидам директор на Економскиот институт – Скопје (ЕИС). Кога во 2018 година ја поднесував кандидатурата за директор, бев голем ентузијаст за тоа дека ЕИС може да постигне уште многу повеќе од големите достигнувања кои ги има реализирано во изминативе речиси 70 години. Тој мој оптимизам го темелев на она што го знаев за неговата историја и потенцијал, а пред сѐ, заради капацитетот на неговите вработени. Денес, кога ја поднесувам оваа Програма, уште повеќе сум убеден дека ЕИС може да доживее свој натамошен подем и развој, а дека јас со моето знаење и искуство кое го стекнав на позицијата директор последниве четири години, во тоа може да го дадам својот максимален придонес.

Во периодот на мојот досегашен мандат се случија низа настани кои имаа огромно влијание врз работењето на Институтот. Се донесе нов Закон за високото образование, нов Статут на УКИМ, за прв пат се донесе Статут на ЕИС, после подолго време се донесе Колективен договор за високото образование и наука, со кој, покрај другото, се покачуваат платите на вработените во високото образование. Во меѓувреме, започна и постапката за изготвување на нов Закон за научно-истражувачката дејност во која јас бев назначен како претставник од УКИМ во работната група формирана од страна на МОН. Претходно, државата започна редовно да го исплаќа надоместокот за минат труд на вработените во ЕИС, што за Институтот претставува огромно финансиско и егзистенционално олеснување. Согласно сите овие промени, мораше да се изменат и усогласат актите на Институтот за да може истиот непречено да функционира. Но, ако овие случувања до некаде беа и очекувани, појавата на Ковид-19 пандемијата никој не можеше да ја претпостави и планира. Сепак, и во услови на најголемата здравствена закана која сѐ уште ја доживуваме, ЕИС и УКИМ заедно со своите вработени продолжија да ги остваруваат своите основни дејности со несмален успех. Ова ми дава поттик дека сега, кога условите за работа полека се нормализираат, може да ги ставам во функција на ЕИС сите мои ресурси, знаења и вештини за да овозможам негов натамошен развој и афирмација. Но, убеден дека и било кој друг кандидат за директор од Институтот ќе го вложи сиот свој потенцијал и енергија во реализирањето на оваа функција за доброто на Институтот, мора да укажам дека, евентуално, друг кандидат кој ќе ја добие поддршката на мнозинството во оваа постапка за избор на директор, може да смета на мојата најголема поддршка и кооперативност, како во трансфер на

функцијата, така и во помош и поддршка во нејзиното секојдневно операционализирање.

Во случај некој друг кандидат да ја добие поддршката на Научниот совет на ЕИС во постапката за избор на директор, сакам да посочам дека било кој дел од оваа Програма може да биде превземен и вграден во програмата на идниот директор доколку смета дека е тоа корисно за ЕИС, и дека јас, со сиот свој капацитет и елан активно ќе придонесувам во нејзината реализација.

## КОНЦЕПТ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за работа на Економски институт – Скопје (ЕИС) се однесува за периодот јули 2022 – јуни 2025 година и ги зема предвид сите воочени досегашни предности и слабости на Институтот, како и можностите и заканите со кои истиот се соочува, а се резултат на неговото надворешно опкружување.

Оваа Програмата се базира на следниве документи: Законот за високото образование; Законот за научно-истражувачата дејност; Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Статутот на Економски институт – Скопје; Програмата на Ректорот за работа и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за период 2020-2023; Стратегијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2019-2023); Акциониот план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2019-2023); A new ERA for Research and Innovation; 2020 Country Specific Recommendations - Research and Innovation analysis; и Towards a 2030 Vision on the Future of Universities in Europe.

Во изготвувањето на оваа програма особено беше земен предвид контекстот во кој е таа изготвена, а се однесува на Ковид-19 пандемијата и мерките за заштита од истата. Имено, како најзначаен ресурс и вредност во високообразовната и научно-истражувачката дејност оваа Програма го препознава животот и здравјето на чинителите во дејноста, а тоа се вработените во ЕИС и неговите студенти. Затоа, оваа Програма опфаќа само такви цели и активности кои овозможуваат развој на ЕИС, но во исто време, истите е можно целосно да се реализираат во услови на примена на сите протоколи и мерки за заштита од Ковид-19 вирусот.

**Главната цел на оваа Програма е да го позиционира ЕИС како водечка институција во Република Северна Македонија во доменот на високото образование и истражувања од областите на економски науки, организациски науки и управување (менаџмент) и демографија.**

Во спроведувањето на Програмата особен фокус е обрнат на следниве седум аспекти:

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2022-2025 ГОДИНА

*Проф. д-р Зоран Јаневски*

1. Научно-истражувачка дејност
2. Наставно-образовна дејност
3. Стручно-апликативна дејност
4. Издавачка дејност
5. Меѓународна соработка
6. Кадровски, просторни и технички услови за работа
7. Подобрување на видливоста и препознатливоста на институтот

Во реализацијата на оваа Програма максимално ќе бидат применувани начелата на транспарентност, партиципативност и инклузивност, кои и во моето досегашно делување од разни позиции во ЕИС ги претставуваа највисоките вредности кои еден Универзитет, научен институт и колектив, воопштво, треба да ги негува и развива.

# 1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на Економски институт – Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје насочена кон наука, претставува неговата примарна и основна дејност. Овој дел од програмата се однесува на понатамошен развој и унапредување на научно-истражувачката дејност што ќе резултира и со подобрување на квантитативните и квалитативните показатели. За таа цел, во периодот кој го опфаќа оваа Програма се предвидува:

- Унапредување на пристапот на научно-истражувачкиот кадар на Институтот до истражувачки бази на податоци.
- Поттикнување на научно-истражувачкиот кадар на Институтот за поинтензивно објавување на резултатите од својата истражувачка работа во списанија со висок фактор на влијание и воопшто зголемување на бројот на објавени публикации во научни списанија.
- Продолжување со активно лобирање за национално подигнување на приоритетот поврзан со потребата од поголемо издвојување буџетски средства наменети за научно-истражувачка работа.
- Започнување иницијатива за формирање организациона единица или тим во состав на УКИМ за следење на меѓународни повици и помош и поддршка во процесот на пишување предлози за проекти.
- Воспоставување и унапредување на интерен систем на Институтот за следење и известување за повици за меѓународни и национални проекти.
- Поттикнување на научно-истражувачкиот кадар на Институтот за поголемо аплицирање на повици за истражувачки проекти финансирани од европски и други меѓународни извори.
- Воспоставување практика за поголема соработка со другите единици на УКИМ, особено со оние со кои постои „природна" блискост и поврзаност на научно-истражувачките области, како и поттикнување на мултидисциплинарни истражувања.
- Поголема вклученост на студентите на Институтот на втор и трет циклус студии во неговата научно-истражувачка работа.
- Организирање на најмалку по една научна конференција/семинар/вебинар годишно со значајно меѓународно присуство.

# 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Главна цел во наставно-образовната дејност е да се обезбеди реализација на студиски програми на втор и трет циклус студии кои ќе ги издвојат студентите на Економски институт – Скопје како едни од најквалификуваните на пазарот на труд во земјата и пошироко. Ова ќе се реализира преку:

- Ставање на студентите во фокусот на наставно-образовниот процес.
- Воспоставување поголема транспарентност во наставно-образовниот процес.
- Унапредување на системот за евалуација на наставно-образовниот процес од страна на студентите на Институтот и воспоставување механизми за унапредување на неговиот квалитет врз основа на препораките од евалуацијата.
- Воспоставување систем за е-учење преку дигиталната платформа iLearn.
- Изготвување и ставање во постапка за акредитација барем на една студиска програма на втор циклус студии на англиски јазик наменета за домашни и странски студенти, самостојно, или со странски универзитет за стекнување заедничка диплома.
- Овозможување подобри услови за поголема мобилност на студентите на Институтот на втор и трет циклус студии.
- Одржување и постојано унапредување на Институтот како атрактивна средина за стекнување високо образование на втор и трет циклус на студии.
- Постојано ажурирање на студиските програми на втор и трет циклус студии во однос на воведување актуелни теми и содржини во наставните предмети и користење најнови изданија предметна литература.
- Воспоставување онлајн библиотека на литература за наставните предмети со слободен пристап и/или отворен формат.
- Обезбедување континуирани обуки за наставниот кадар за користење на iKnow и iLearn платформите.
- Зголемување на бројот на ментори на трет циклус студии од редот на наставниот кадар на Институтот.

# 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Институтот во наредниот период ќе ја јакне соработката со државните институции и останатите креатори на јавни политики со цел тие да се базираат на истражувања и наука во кои активно ќе учествуваат истражувачи од Институтот. Паралелно, Институтот ќе ја јакне и интензивира соработката и со приватниот сектор во државата со цел унапредување на вештините и компетенциите на вработените во компаниите и нивна поддршка во одредувањето стратешки насоки за остварување конкурентска предност на пазарот. Ова ќе се реализира преку:

- Воспоставување директни контакти со државните институции со цел идентификување можности за соработка на наставно-образовно и истражувачко поле.
- Остварување на формална соработка со државните институции преку потпишување меморандуми за соработка.
- Воспоставување систем за континуирано следење на јавните повици во областа на применетите истражувања и аплицирање на истите.
- Организирање и учество на конференции, семинари, дебати, јавни расправи и други настани кои се однесуваат на јавни политики кои се од областа на истражување на научниот кадар на Институтот.
- Размена на знаења, искуства и информации помеѓу истражувачите во Институтот преку форми на состаноци, интерни стручни дебати, презентации, работилници за постигнувањата и можностите во стручно-апликативната дејност .
- Унапредување на соработката со приватниот сектор во државата во доменот на трансфер на знаења, обуки и целно ориентирани истражувања.
- Воспоставување и одржување портфолио со позитивни препораки на претходни корисници на услуги од Институтот од државниот и приватниот сектор со цел привлекување нови проекти и соработки.
- Промовирање на придобивките на приватниот сектор од примена на научно-истражувачки методи во нивното работење.
- Поголема вклученост на студентите на Институтот на втор и трет циклус студии во неговата стручно-апликативна работа.

# 4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Издавачката дејност во ЕИС има долга и успешна традиција. Оваа Програма предвидува нејзино унапредува и развој преку:

- Продолжување и унапредување на издавачката дејност на Институтот.
- Проширување на географскиот опсег на читателска публика и автори кои објавуваат во двете списанија на Институтот – Economic Development и SEE Outlook.
- Отпочнување постапка за вклучување на Economic Development во SCOPUS индексната база на списанија.
- Продолжување и унапредува на праксата за издавање монографии, учебници и/или учебни помагала чии автори се истражувачи од Институтот.
- Поттикнување на студентите на ЕИС за издавање на свои трудови во Economic Development.
- Активна промоција на издавачката дејност на ЕИС на научната, стручната и широката јавност во државата и пошироко.

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Унапредување на меѓународната соработка на Институтот ќе биде еден од позначајните приоритети во наредниот период. Таа ќе се интензивира и преку напори кои Институтот самостојно ќе ги организира и реализира, но и преку активно учество и иницијативност заедно со органите и телата на УКИМ и неговите единици одговорни за меѓународна соработка. Во однос на ова се предвидува:

- Продлабочување и унапредување на формите на соработка со постојните меѓународни партнери со кои Институтот има потпишани довори за соработка.
- Зголемување на бројот на интернационални партнери на Институтот.
- Приклучување на Институтот на повеќе мултилатерални програми за научна и високообразовна соработка.
- Зголемување на надворешната и внатрешна мобилност на наставно-научниот кадар на Институтот.
- Поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар на Институтот и неговите студенти со меѓународните можности.

# 6. КАДРОВСКИ, ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Оваа Програма предвидува задржување и развој на кадровскиот, просторниот и техничкиот капацитет за работа на ЕИС. Една од главните цели е да се обезбеди вработување на научен подмладок во Институтот, но и да се унапредат условите за работа на сите вработени. За таа цел се предвидува:

- Издигнување на потребата за вработување соработнички и наставно-научен кадар во ЕИС на ниво на највисок приоритет во сите разговори со Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и други институции релевантни за ова прашање.
- Инсистирање на потребата од вработување соработнички кадар во годишните барања за вработувања и лобирање за реализација на истите.
- Пополнување на местата според систематизацијата кои се дел од стручно-административната служба на ЕИС со нови вработувања.
- Постојано водење грижа за одржување на добрите просторни услови за работа во ЕИС и нивно унапредување.
- Овозможување услови за дигитализација на ЕИС во сите негови организациски делови и дејности.
- Изнаоѓање средства и програми за финансирање обуки и тренинзи за унапредување и развој на кариерите на сите вработени во ЕИС.

# 7. ПОДОБРУВАЊЕ НА ВИДЛИВОСТА И ПРЕПОЗНАТЛИВОСТА НА ИНСТИТУТОТ

Оваа Прогама предвидува мерки и активности за подобрување на видливоста на ЕИС со цел воспоставување и одржување на подобро меѓусебно разборање помеѓу ЕИС и неговото опкружување. Овие мерки ги земаат предвид потребите на ЕИС за неговата поширока афирмација како и унапредување на неговата позиција во академската и пошироката заедница. Во оваа насока, активностите предвиведни во оваа Програма се:

- Афирмирање на долгогодишната традиција и успешните резултатати на ЕИС во онлајн и офлајн окружувањето.
- Воспоставување и одржување на поинтензивна комуникација со Министерстовото на образование и наука, Министерството за економија, како и со други државни институции, но и со приватниот сектор, за нивно запознавање со резултатите од работата на ЕИС.
- Афирмација на добрата репутација на ЕИС како високообразовна и научна институција посветена на своите студенти, која особено се огледа во високите оцени кои ЕИС ги добива на годишните евалуации.
- Промоција на Репозиториумот на ЕИС во научната, стручната и пошироката јавност и интензивирање на објавата на резултатите од истражувањата во истиот.
- Градење на партнерство со онлајн и офлајн медиуми заради поголема промоција на дејностите и резултатите од работењето на ЕИС.
- Активно учество во иницијативи кои го истакнуваат значењето на научно-истражувачката и високообразовната дејност.
- Интензивирање на промоцијата на активностите на ЕИС на социјалните медиуми преку соработка со специјализирани за тоа поединци и компании.
- Одржување и активно објавување на вести и информации на веб-локацијата и профилите на ЕИС на социјалните медиуми.

Скопје, 21.12.2021 година

Проф. д-р Зоран Јаневски

22.12.2021 г.
04 1236/1 / /

ДО

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ

КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР

**Предмет: Поднесување Пријава и Програма за работа на Економски институт – Скопје за периодот 2022-2025 година**

Врз основа на Одлуката за започнување на постапка за избор на директор и за формирање на изборна комисија бр. 02-1151/1 од 25.11.2021 година ја поднесувам оваа Пријава. Во прилог на Пријавата поднесувам Програма за работа на Економски институт – Скопје за периодот 2022-2025 година.

Скопје, 21.12.2021 година

Прилог:

- Програма за работа на Економски институт – Скопје за периодот 2022-2025 година

**Проф. д-р Зоран Јаневски**